Врз основа на член 120 став (2) од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15 и 17/2016) и член 14 од Статутот на Лекарската комора на Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/95, 30/95, 22/96 и 36/00), Собранието на Лекарската комора на Македонија на седницата одржана на 10.11.2016год. 17.11.2016 год и 23.02.2017година година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за поблиски критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите во однос на образование и работно искуство за спроведување на пробна работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите **во однос на образование и работно искуство** за спроведување на пробната работа во однос на оспособување за полагање на стручниот испит на здравствените работници со високо образование од областа на медицината (во натамошниот текст: едукатори).

Член 2

Пробната работа се спроведува согласно на планот и програмата за пробна работа на докторите на медицина донесен од министерот за здравство.

## II.ПОБЛИСКИ КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЕДУКАТОРИТЕ

Член 3

Едукатор е доктор на медицина под чиј надзор се спроведува планот и програмата на пробната работа на докторите на медицина.

Едукаторот за спроведување на пробна работа на здравствени работници со високо образование од областа на медицината ги исполнува следните критериуми:

- завршен Медицински факултет
- пет години искуство во медицинската дејност од добивањето на лиценцата за работа,
- заснован работен однос во здравствена установа на неопределено време,
- да поседува сертификати за континуирана медицинска едукација издадени од здруженијата при Македонско лекарско друштво, Медицинскиот факултет и други стручни здруженија.

Член 4

Едукаторот во спроведувањето на планот и програмата за пробната работа преку практична обука на здравствените работници треба да обезбеди :

- спроведување на пооделните практични вештини од планот и програмата за пробната работа;
- спроведување на едукацијата во установата каде што е вработен и користење на просторни услови, опрема и други услови за практично едуцирање на кандидатот;
- водење на евиденција за спроведувањето на пробната работа;
- посочување на кандидатот литература од областа во која ја врши едукацијата;
- водење на најмногу 5 кандидати определени според местото на живеење/престојување.

Член 5

Лекарската комора со одлука ги определува Едукаторите за спроведување на пробна работа на докторите на медицина, делот од планот и програмата во кој ќе ја спроведуваат пробната работа и времетраењето за кое се определуваат. Едукатори писмено се известуваат за делот од планот и програмата за пробна работа во кој ќе го вршат едуцирањето.

## III.ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 6

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за критериумите што треба да ги исполнуваат здравствените установи и здравствените работници под чиј надзор се спроведува приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование од областа на медицината ("Службен весник на Република Македонија" бр.72 /05).

Член 7

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добиена согласност од министерот за здравство.

Бр.02-3969/21
01.03.2017год.
Скопје

Претседател на
Лекарска комора на Македонија
проф.д-р Кочо Чакаларoски